При надзор и контрола на реализацијата на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на тенискиот спортски центар број 05-8848/1 од 19.12.2016 година, Основниот проект и на останатата техничка документација, Стручната комисија составена од 3 (три) члена од Јавниот партнер и надзорниот орган којшто е должен да го ангажира Приватниот партнер на негов трошок доколку се јави потреба во врска со некои забелешки на проектната документација или изведбата, можат да носат одлуки, односно даваат забелешки за вградените материјали со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 5

Приватниот партнер е должен да го извести јавниот партнер во врска со прекин на работењето подолго од 30 (триесет) дена доколку постојат објективни причини за тоа и истото не може да претставува основ за раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство број 05-8848/1 од 19.12.2016 година.

Член 6

Овој Меморандум е составен во 9 (девет) еднообразни примероци, од кои 7 (седум) за јавниот партнер и 2 (два) за приватниот партнер и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| ЈАВЕН ПАРТНЕР | ПРИВАТЕН ПАРТНЕР |
| Општина Аеродром | ТЕННИСПАРК СКОПЈЕ |
| ___________________________ | |

___________________________

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

| | |
|---|---|
| Број 09-543/14 | Претседател на Совет |
| 27 декември 2016 година | на Општина Аеродром |
| Скопје | Виктор Камилоски с.р. |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за давање согласност за примопредавање на движни ствари (мебел), помеѓу Општина Аеродром и ЈДГОА „Срничка“

Се објавува Одлуката за давање согласност за примопредавање на движни ствари (мебел), помеѓу Општина Аеродром и ЈДГОА „Срничка“, донесена на шеесетата седница одржана на ден 26.12.2016 година.

| | |
|---|---|
| Број 08-9008/1 | Градоначалник |
| 27 декември 2016 година | Ивица Коневски с.р. |
| Скопје | |

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ3 број 05/02), член 15 став 7 од Законот за Град Скопје ("Службен васник на РМ" број 55/04, 158/11), Советот на Општина Аеродром на 60-та седница одржана на ден 26.12.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност за примопредавање на движни ствари (мебел), помеѓу Општина Аеродром и ЈДГОА „Срничка“

**Член 1**

Со оваа се дава согласност за примопредавање на движни ствари (мебел), помеѓу Општина Аеродром и ЈДГОА „Срничка“, согласно Технички спецификации, составен дел на Договор за набавка на внатрешно опремување на објектот„Чекорче“ на детската градинка „Срничка“ на територија на Општина Аеродром, број 05-5281/1 од 22.07.2016 година.

**Член 2**

ЈДГОА „Срничка“ е должна при користењето и одржувањето опремата од член на оваа Одлука да постапува согласно законските прописи.

За предавањето на опремата, од страна на општина Аеродром, на ЈДГОА „Срничка“, ќе се состави записник.

ЈДГОА „Срничка“ по преземањето на опремата истата ке ја воведе во својата евиденција.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето Службен гласник на Општина Аеродром.

Број 09-543/13
27 декември 2016 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за распределба на блок дотација наменета за основните училишта на територија на Општина Аеродром за 2017 година

Се објавува Одлуката за распределба на блок дотација наменета за основните училишта на територија на Општина Аеродром за 2017 година, донесена на шеесетата седница одржана на ден 26.12.2016 година.

Број 08-9007/1
27 декември 2016 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 8 и член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), и член 81 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр. 20/2012, 21/2014, 23/2014), Советот на Општина Аеродром на 60-та седница одржана на ден 26.12.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
## за распределба на блок дотација наменета за основните училишта на територија на Општина Аеродром за 2017 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на блок дотација наменета за основните училишта на територија на Општина Аеродром за 2017 година.

### Член 2

Распределбата се врши врз основа на доставени податоци од страна на основните училишта во Општина Аеродром за:

- број на ученици запишани во учебната 2016/17 година и
- потребни реални финансиски средства за подмирување на основните комунални трошоци на годишно ниво.

### Член 3

Согласно горенаведенти критериуми, се врши распределба на блок дотации по основни училишта, претставена во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Аеродром.

Број 09-543/15
27 декември 2016 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

| **Распределба на блок дотација на ОУ во О.Аеродром за 2017 год.** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| **Опис** | **О.У. “Љ.Лапе“** | **О.У. “Б.Конески“** | **О.У. “Г.Делчев“** | **О.У. “Л.Ангеловски“** | **О.У. “Д.Македонски“** | **О.У. “ѓ.Пулевски“** | **О.У. “Ал.Македонски“** | **О.У. “Б.Миладиновци“** | **Вкупно** |
| | | | | | | | | | |
| Предлог - проценти 2016 | 14,72% | 11,85% | 10,71% | 20,96% | 8,98% | 15,91% | 8,53% | 8,34% | 100,00% |
| **Предлог - дотација ОУ 2016** | **4.122.317** | **3.317.213** | **3.000.104** | **5.868.671** | **2.514.885** | **4.454.128** | **2.387.000** | **2.335.682** | **28.000.000** |
| | **4.122.317** | **3.317.213** | **3.000.104** | **5.868.671** | **2.514.885** | **4.454.128** | **2.387.000** | **2.335.682** | **28.000.000** |
| | | | | | | | | | |
| **ПРЕГЛЕД - БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ОСНОВНИ КОМУНАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | **УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕНТИ** | | | | |
| **Основно училиШте** | Број на ученици | Основни комунални трошоци | Број на ученици (%) | Основни комунални трошоци (%) | Учество-број на ученици (40%) | Учество - основни комунални трошоци (60%) | Учество на двата критериуми | Предлог - распределба во 2017 | |
| **Блаже Конески** | 646 | 2.753.530 | 10,23% | 12,92% | 4,09% | 7,75% | 11,85% | **3.317.213** | |
| **БраЌа Миладиновци** | 393 | 2.077.928 | 6,22% | 9,75% | 2,49% | 5,85% | 8,34% | **2.335.682** | |
| **Љубен Лапе** | 1.034 | 2.901.720 | 16,38% | 13,62% | 6,55% | 8,17% | 14,72% | **4.122.317** | |
| **ѓорЃија Пулевски** | 1.004 | 3.389.986 | 15,90% | 15,91% | 6,36% | 9,55% | 15,91% | **4.454.128** | |
| **Лазо Ангеловски** | 1.396 | 4.302.032 | 22,11% | 20,19% | 8,84% | 12,12% | 20,96% | **5.868.671** | |
| **Димитар Македонски** | 588 | 1.866.536 | 9,31% | 8,76% | 3,73% | 5,26% | 8,98% | **2.514.885** | |
| **Александар Македонски** | 572 | 1.740.352 | 9,06% | 8,17% | 3,62% | 4,90% | 8,53% | **2.387.000** | |
| **Гоце Делчев** | 681 | 2.272.660 | 10,79% | 10,67% | 4,31% | 6,40% | 10,71% | **3.000.104** | |
| | | | | | | | | | |
| **Вкупно:** | **6.314** | **21.304.744** | **100,00%** | **100,00%** | **40,00%** | **60,00%** | **100,00%** | **28.000.000** | |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за распределба на блок дотација наменета за детските градинки на територија на Општина Аеродром за 2017 година

Се објавува Одлуката за распределба на блок дотација наменета за детските градинки на територија на Општина Аеродром за 2017 година, донесена на шеесетата седница одржана на ден 26.12.2016 година.

Број 08-9006/1
27 декември 2016 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 8 и член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), и член 81 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр. 20/2012, 21/2014, 23/2014), Советот на Општина Аеродром на 60-та седница одржана на ден 26.12.2016 година, донес

О Д Л У К А

за распределба на блок дотација наменета за детските градинки на територија на Општина Аеродром за 2017 година

Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на блок дотација наменета за детските градинки на територија на Општина Аеродром за 2017 година.

Член 2

Распределбата се врши врз основа на доставени податоци од страна на детските градинки во Општина Аеродром за:

- број на деца запишани во наставно - воспитна 2016/17 година и
- потребни реални финансиски средства за подмирување на основните комунални трошоци на годишно ниво.

Член 3

Согласно горенаведенти критериуми, се врши распределба на блок дотации по детските градинки, претставена во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Аеродром.

Број 09-543/16
27 декември 2016 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

**Распределба на блок дотација на ДГ во О.Аеродром за 2017 год.**

| Опис | ЈДГОА Срничка | ЈДУГ Буба Мара | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Предлог - проценти 2017 | 57,32% | 42,68% | 100,00% |
| **Предлог - дотација ОУ 2017** | **4.637.306** | **3.452.694** | **8.090.000** |

| ПРЕГЛЕД - БРОЈ НА ДЕЦА И ОСНОВНИ КОМУНАЛНИ ТРОШОЦИ | | | | | УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕНТИ | | | РАСПРЕДЕЛБА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Детски градинки** | Број на деца | Основни комунални трошоци | Број на деца (%) | Основни комунални трошоци (%) | Учество-број на деца (50%) | Учество - основни комунални трошоци (50%) | Учество на двата критериуми | Распределба во 2017 |
| ***ЈДГОА Срничка*** | 1.569 | 5.779.878 | 55,5% | 59,1% | 27,8% | 29,6% | 57,3% | **4.637.306** |
| ***ЈУДГ Буба Мара*** | 1.257 | 3.996.185 | 44,5% | 40,9% | 22,2% | 20,4% | 42,7% | **3.452.694** |
| | | | | | | | | |
| **Вкупно:** | **2.826** | **9.776.063** | **100,00%** | **100,00%** | **50,00%** | **50,00%** | **100,00%** | **8.090.000** |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програма за работа на Советот на Општина Аеродром за 2017 година

Се објавува Програма за работа на Советот на Општина Аеродром за 2017 година, донесена на шеесетата седница одржана на ден 26.12.2016 година.

Број 08-9005/1
27 декември 2016 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 125, 126, 127, 128 и 129 од Деловникот за работа на Советот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Општина Аеродром” број 01/06 и 19/2012), Советот на Општина Аеродром на 60-та седница одржана на ден 26.12.2016 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Аеродром за 2017 година

Изработувач: Општинска администрација
Предлагач: Комисија за изработка на програма за работа на Советот на Општина Аеродром

**Образложение**: Програмата за работа на Советот се донесува врз основа на член 125, 126, 127, 128 и 129 од Деловникот за работа на Советот на Општина Аеродром, според кој Советот работи по програма која се донесува за една календарска година. Основа за изработка на програмата се работите што со Закон се ставени во надлежност на Советот.

**I. ПРОГРАМИ ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА НОРМАТИВНО ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, СПОРТ**

**Период декември 2016-март 2017 година**

1. ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2017 ГОДИНА

2. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ДО КРАЈОТ НА 2017 ГОДИНА

3. ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2017 ГОДИНА

4. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2017 ГОДИНА

Изработувач: Општинска адмнистрација
Предлагач: Градоначалник

5. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
6. УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОА
7. УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ЕКСКУРЗИИ НА ОУ

Изработувач: Основни училишта на подрачјето на Општина Аеродром
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Разгледувањето на извештаите за реализирање на програмите за работа на основните училишта , како и усвојувањена програмите за организирање

екскурзии е согласно ингеренциите на Советот на Општината од Законот за Основно образование.

**Период април-јуни 2017 година**

2. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗНИ НОРМАТИВНИ АКТИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ИЗМЕНИ НА ЗАКОНИТЕ НА РМ

**Период април-декември 2017 година**

3. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА РАБОТА НА ОУ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА И РАЗГЛЕДУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА РАБОТА НА ОУ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА

Изработувач: Основни училишта на подрачјето на Општина Аеродром
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Разгледувањето и усвојувањето на програмите за работа и извештаите за реализирање на програмите за работа на ОУ е согласно ингеренциите на Градоначалникот и на Советот на Општината од Законот за Основно образование и Законот за локална самоуправа.

**Период јануари-декември 2017 година**

4. РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ.

Изработувач: општинска адмнистрација
Предлагач: Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

**Образложение**: Разрешувањето и именувањето членови на училишни/управни одбори во основните училишта и градинки на подрачје на Општина Аеродром, е во согласност со ингеренциите на Советот на општинта кои произлегуваат од Законот за локална самоупорава, Законот за основно образование.

**II. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И ДРУГИ АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО И ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

**Период јануари-март 2017 година**

1. ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2017 ГОДИНА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Изработувач: Сектор за финансии
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Изготвувањето и донесување на Годишниот план за јавни набавки на Општина Аеродром за 2017 година е законска обврска што произлегува од Законот за јавни набавки

2. ПРЕДЛОГ - ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2016 ГОДИНА (15 МАРТ 2017 ГОДИНА)

Изработувач: Сектор за финансии
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Изготвувањето и донесување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2016 година е законска обврска што произлегува од Законот за буџетите. Завршната сметка се изготвува согласно класификацијата на трошоците.

2. КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ

**Период : јануари-декември 2017 година**

-КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ - ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2016 ГОДИНА

Изработувач: Сектор за финансии
Предлагач: Градоначалник

-КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА - ЈАНУАРИ-МАРТ 2017 ГОДИНА -

Изработувач: Сектор за финансии
Предлагач: Градоначалник

-КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА - АПРИЛ-ЈУНИ 2017 ГОДИНА

Изработувач: Сектор за финансии
Предлагач: Градоначалник

-КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА - ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2017 ГОДИНА

Изработувач: Сектор за финансии
Предлагач: Градоначалник

**Образложение:** Кварталните извештаи се право и обврска кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Законот за буџетите, со што се овозможува Советот на општината континуирано да се запознава со реализацијата на Буџетот на општината.

**Период: јануари-декември 2017 година**

3. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД БУЏЕТСКИОТ КАЛЕНДАР ЗА 2017 ГОДИНА

4. ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ - РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ ЗА 2017 ГОДИНА

Изработувач: Сектор за финансии
Предлагач: Градоначалник

**Образложение:** Ребаланс на Буџетот на општината ќе се изврши според согледаните состојби во текот на реализирање на Буџетот во тековната година.

5. ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2018 ГОДИНА И ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2018 ГОДИНА

   а. Покренување на постапка за ставање на јавна расправа на Предлог-Буџетот на Општина Аеродром за 2018 година;
   б. Разгледување на Предлог-Буџетот на Општина Аеродром за 2018 година;

в. Донесување на Буџетот на Општина Аеродром за 2018 година со Програмите и Одлука за извршување на Буџетот.

Изработувач: Сектор за финансии
Предлагач: Градоначалник

**Образложение:** Буџетот и Одлуката за извршување на Буџетот, како основни акти и услов за финансирање на општината во тековната година, се донесуваат врз основа на Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа

**Период: јуни-декември 2017 година**

6. ИЗГОТВУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ЗА 2018 ГОДИНА

Изработувач: Сектор за финансии
Предлагач: Градоначалник

7. ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ И ДРУГИ ПРОПИСИ ЗА ПОДДРШКА НА АПЛИЦИРАЊЕ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА ПРОЕКТИ И ГРАНТОВИ РАСПИШАНИ ОД ВЛАДИНИ И НЕВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ, СО ЦЕЛ УСПЕШНА РЕАЛИЗИЦА НА ПЛАНИРАНИ И НОВИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНАТА ВО РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ

**Период: јануари-декември 2017 година**

## III. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЛОКАЛНИ САМОУПРАВИ ВО ЗЕМЈАТА И НАДВОР ОД НЕА

1. Соработка и збратимување со локални самоуправи од земјата

а) Размена на искуства помеѓу различните локални самоуправи
б) Збратимување со разни локални самоуправи во земјата
в) Размена на искуства за разни комунални проблеми со локални самоуправи надвор од земјата
г) Збратимување со разни локални самоуправи од други земји

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на остварување меѓународна соработка, е надлежноста на Советот предвидена во Законот за локална самоуправа.

Изработувач: Одделение за односи со јавност и меѓународна соработка
Предлагач: Градоначалник, Комисија за меѓународна соработка при Советот на Општина Аеродром

**Период: јануари-декември 2017 година**

## IV. СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ИНТЕРЕС НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ И ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

1. ПРОГРАМА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ЗА 2017 ГОДИНА

2. ПРОГРАМА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2017 ГОДИНА

3. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИ ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ПОМАГАЊЕ НА НИВНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ ВО РАМКИ НА МОЖНОСТИТЕ, СОГЛАСНО ПРОГРАМИТЕ.

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на остварување соработка со здруженија на граѓани и фондации на подрачјето на Општина Аеродром, е надлежноста на Советот предвидена во Статутот на Општина Аеродром и истата е во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации, кој предвидува можност за финансирање на здруженијата на граѓани и фондации, покрај од останати извори и од Буџетот на единиците на локална самоуправа, за што одлучува Советот на општината.

Согласно со законските одредби предвидени во член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр 47/06, 86/08 и 51/2011), Советот на Општина Аеродром при донесување на актите за давање на донација/спонзорство, ја предвидува законски утврдената постапка, според која опшината по донесување на одлуката, се обраќа до надлежното Министерство за правда, заради издавање решение со кое го потврдува јавниот интерес за предвидената донација и спонзорство.

Изработувач: Општинска администрација
Предлагач: Градоначалник, Комисија буџет, финансирањеи локален економски развој
при Советот на Општина Аеродром

**Период: јануари - декември 2017 година**

## V. ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМИ И ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА РАБОТА ОД ОБЛАСТА НА КОМУНАЛНИТЕ РАБОТИ, УРБАНИЗАМ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

1. Ф - **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**подпрограми**

**Ф 1 - Урбанистичко планирање**

1. Разгледување на Детални урбанистички планови со Предлог- Одлука за нивно донесување;
2. Предлог-Одлука за измени и дополнување на Детални урбанистички планови.

1. Разгледување и усвојување на Програми за урбанистички планирање на подрачјето на Општина Аеродром.
   а. Урбанистички планови за неселени места во урбани и рурални населби;
   б. Измена и дополнување на Детални урбанистички планови финансирани од правни и физички лица.

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам,
Комунални работи и заштита на
животната средина
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот

**Ф 2 - Уредување на градежно земјиште**
**Ф 3 - Уредување на простор во рурални подрачја**
**Ф А - Уредување на градежно земјеште (капитални трошоци)**

**ФД -Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)**

2. Г - **ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**подпрограми**
**Г 1 - Поддршка на локалниот економски развој**
**Г А - Изградба на комерцијални објекти**

3. Ј - ***КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ***
**подпрограми**

**Ј0 Одржување на урбана опрема**
**Ј2 Предлог-Одлуки за проблеми со отпадни води**
**Ј3 Прашања поврзани со проблеми со јавно осветлување**
**Ј6 Одржување и заштита на локални патишта , улици и регулирање на режим на сообраќај**
**Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило**
**Ј8 Други комунални услуги**
**Ј9 Проблеми поврзани со простори за паркирање**
**ЈА Предлог-Одлука за изградба на јавно осветлување**
**ЈД Предлог-Одлука за изградба и реконсрукција на локални патишта и улици**
**ЈЕ Предлог-Одлука за изградба на простор за паркирање**
**ЈФ Предлог-Одлука за изградба на сообраќајна сигнализација**
**ЈГ Разгледување на проблеми поврзани со изградба на системи за водоснабдување**
**ЈИ Донесување на Одлуки поврзани со изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**
**ЈН Предлог-Одлуки за урбана опрема / капитални расходи /**

**Период: јануари-декември 2017 година**

4. Р - **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА**

**Подпрограми**
**Р 1 Заштита на животната средина и природа**
**Р А Заштита на животната средина и природа (Капитални расходи)**

5. Измена на донесени акти и програми со цел усогласување на измените во законските одредби

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам,
Комунални работи и заштита на
животната средина
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

6. ОДЛУКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ИЗМЕНА НА ВЕЌЕ ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам,
Комунални работи и заштита на
животната средина
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

**Период: јануари - декември 2017 година**

**VI. АКТИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ, ЗА ЗДРАВСТВЕНА, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

1. ОДЛУКИ ВО НАСОКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ.

ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација,
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

**Образложение:** Согласно Законот за заштита и спасување, како надлежност на единиците на локалната самоуправа се предвидени активности заради имплементација на овој закон и акти за формирање на просторните сили за заштита и спасување кои се формираат за дејствување на подрачјето на општината

2. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА

**Образложение:** Согласно Законот за локална самоуправа и Законот за полиција, како надлежност на Советот на општината е предвидена и надлежноста за усвојување на годишен извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината.

ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација,
ПРЕДЛАГАЧ: Командир на ПС Аеродром

3. ДОНЕСУВАЊЕ НА АКТИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

-Програма за остварување социјална и детска заштита во Општина Аеродром за 2017 година

**Образложение:** Согласно Законот за локална самоуправа, како надлежност на општината е предвидена и надлежноста за преземање активности во областа на социјалната заштита и заштита на децата, како и здравствена заштита.

ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација,
ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за соц.заштита, заштита на децата и здравствена заштита

- РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА РАБОТА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

- УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОА

Изработувач: Детски градинки на подрачјето на Општина Аеродром
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Разгледувањето и усвојувањето на програмите за работа и извештаите за реализирање на програмите за работа на детските градинки е согласно ингеренциите на Градоначалникот и на Советот на Општината од Законот за заштита на децата и Законот за локална самоуправа.

**Период јануари-декември 2017 година**

4. РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИ ОДБОРИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ.

Изработувач: општинска адмнистрација
Предлагач: Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

**Образложение**: Разрешувањето и именувањето членови на управни одбори во градинките на подрачје на Општина Аеродром, е во согласност со ингеренциите на Советот на општинта кои произлегуваат од Законот за локална самоупорава, Законот за заштта на децата

5.ДОНЕСУВАЊЕ НА АКТИ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ
- Годишна програма за еднакви можности на жените и мажите

ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација,
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

**Образложение**: Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2017 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

**Период: јануари - декември 2017 година**

**VII.** ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ДОНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за работи на Советот на ОА
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

**Образложение:**Согласно член 53 од Статутот на Општина Аеродром, Градоначалникот на Општина Аеродром го поднесува извештајот до Советот, кој со заклучок го усвојува.

**VIII. -** Комисијата за изработка на програма за работа на Советот, во случај на потреба до Советот ќе поднесе извештај за извршување на програмата.

- Советот на Општина Аеродром во случај на потреба може да ја менува и дополнува оваа програма на предлог на Комисијата за изработка на програмата.

-Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 09-543/17
27 декември 2016 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

## С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за прифаќање на Иницијатива за пренамена на бадниковите дрва на социјално ранливите категории на граѓани од Општина Аеродром ____________ 1
2. Заклучок за усвојување на Информација од одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови за промена на висински коти во локалитет Црква УЕ Б, број 18-5322/1 од 26.12.2016 година _______________________________________2
3. Одлука за утврдување бесправен објект за кој може да се изврши вклопување во урбанистичко-планска документација(објекти на КП 250)_____________________ 3
4. Одлука за утврдување бесправен објект за кој може да се изврши вклопување во урбанистичко-планска документација(објекти на КП 582/1, 582/4 и 582/6)_______ 4
5. Одлука за утврдување бесправен објект за кој може да се изврши вклопување во урбанистичко-планска документација(објект на КП 2557)___________________ 5
6. Одлука за утврдување бесправен објект за кој може да се изврши вклопување во урбанистичко-планска документација(објекти на КП 3753/1)___________________6
7. Одлука за утврдување бесправен објект за кој може да се изврши вклопување во урбанистичко-планска документација (објект број 1 на КП 2916)_______________ 7
8. Одлука за утврдување бесправен објект за кој може да се изврши вклопување во урбанистичко-планска документација (објект број 4 на КП 2916)_______________8
9. Одлука за утврдување бесправен објект за кој може да се изврши вклопување во урбанистичко-планска документација (објект на КП 3890)_____________________9
10. Одлука за утврдување бесправен објект за кој може да се изврши вклопување во урбанистичко-планска документација (објект на КП 3948/1)__________________10
11. Одлука за утврдување бесправен објект за кој може да се изврши вклопување во урбанистичко-планска документација (објект на КП 815 и КП 832) ____________11
12. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на потребата од започнување на постапка за измена на урбанистичко планска документација __ 12
13. Одлука за давање на согласност на Меморандум за соработка помеѓу Општина Аеродром и Друштво за спорт ТЕННИСПАРК СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје _________13
14. Одлука за давање согласност за примопредавање на движни ствари (мебел), помеѓу Општина Аеродром и ЈДГОА „Срничка“______________________________15
15. Одлука за распределба на блок дотација наменета за основните училишта на територија на Општина Аеродром за 2017 година _________________________ 16
16. Одлука за распределба на блок дотација наменета за детските градинки на територија на Општина Аеродром за 2017 година _________________________ 18
17. Програма за работа на Советот на Општина Аеродром за 2017 година________ 20

Издавач: градоначалник на Општина Аеродром
Главен и одговорен уредник: Ана - Карајанова Димитрушева
Адреса: бул. „Јане Сандански“ број 109б, тел. 2 400-970, тираж: 100 примероци